СТ.бр.22/2024

Р.

**ОСНОВНИОТ СУД ВО КИЧЕВО,** и тоа стечајниот судија Илјаз Исмаили, решавајќи по предлогот поднесен од предлагачот – должникот, за отворање на стечајна постапка над должникот Друштво за градежништво, производство и услуги ЕМРЕ АЈРО увоз-извоз ДООЕЛ Кичево, по одржаната расправа, во присуство на полномошник Адвокат Минтас Лутфиу од Кичево на должникот и времениот стечаен управник Јосип Димитровски од Битола, на рочиштето одржано на ден 29.10.2024 година донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

Над должникот Друштво за градежништво, производство и услуги ЕМРЕ АЈРО увоз-извоз ДООЕЛ Кичево, со седиште: ул. „Пролетерски Бригади" бр. ББ Кичево со ЕМБС 6429025 и ЕДБ 4012008502857, основано 12.11.2008 година, со приоритетна дејност 41.20 Изградба на станбени и нестанбени згради, со трансакциска сметка со број: 300150000038392 при Комерцијална Банка АД Скопје, **СЕ ОТВАРА** стечајна постапка. Стечајната постапка не се спроведува и се **ЗАКЛУЧУВА**.

По правосилноста на решението Централен регистар РК Гостивар да го брише должникот од Централен регистар на РСМ.

По правосилноста на решението, Комерцијална банка АД Скопје, да ја згасне трансакциската сметка на должникот 300150000038392 а доколку има средства на неа, истите да ги префрли на жиро сметка на Буџет на РСМ број 100-0000000630-95, уплатна сметка 840-134-03338, приходна шифра 722211 при Народна Банка на РСМ.

Да се објави оглас во Службен весник на РСМ, на огласна табла и веб страна на Основен суд Кичево.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Предлагачот – должникот, преку полномошник Адвокат Минтас Лутфиу од Кичево на ден 22.09.2024 година, поднесе предлог за отворање на стечајна постапка над должникот Друштво за градежништво, производство и услуги ЕМРЕ АЈРО увоз-извоз ДООЕЛ Кичево, повикувајќи се на тоа дека должникот е со блокирана сметка повеќе од 45 дена, не може да ја продолжи дејноста.

СТ.бр.22/2024

Судот по добивањето на предлогот определи времен стечаен управник за утврдување на економско-финансиската состојба на должникот и закажа рочиште на кое предлагачот остана при наводите на предлогот, а судот во доказна постапка ги изведе доказите како на записник од 29.10.2024 година при што утврди дека се исполнети условите од чл. 5 од Законот за стечај за отворање на стечајна постапка, односно дека на сметките должникот се блокирани повеќе од 45 дена.

Од извештајот на времениот стечаен управник и приложените писмени докази судот утврди дека имотот на должникот што би влегол во стечајната маса не е доволен ни за намирување на трошоците на таа постапка заради што донесе решение за отворање и заклучување на стечајната постапка, во кој случај стечајната постапка нема да се спроведе.

Предвид на погоренаведеното согласно чл.68 од Законот за стечај се одлучи како во изреката на решението и определи објавување на ова решение.

**ОСНОВЕН СУД КИЧЕВО, СТ бр. 22/2024 од 29.10.2024 година.**

**Стечаен судија,**
**Илјаз Исмаили**

**ПОУКА:** Против ова решение дозволена е жалба во рок од 8 дена по приемот на ова решение преку овој суд до Апелациониот Суд Гостивар.

**ДНА:** Предлагачот – полномошник Адвокат Минтас Лутфиу од Кичево, стечаен управник, Огласна табла и веб страна на Основен Суд Кичево, УЈП-Кичево, по правосилноста на решението на Централен Регистар на РСМ РК Гостивар и Комерцијална Банка АД Скопје.